**Известување за концентрација со која на Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд., Сингапур и БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед, Индија ќе основаат две целосно функционални друштва за заеднички вложувања**

**(предмет бр. 08-84 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.05.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на намерата на Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд. со регистрирано седиште на 10 Каланг Авењу, #12-14/18, Сингапур – 339510 и БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед со регистрирано седиште на X-1, Комплекс Самрат, Саифабад, Хајдерабад, Телангана, Индија 500004, да основаат две целосно функционални друштва за заеднички вложувања согласно законите на Индија со цел обезбедување на услуги за продажба на мало без давачки (*duty-free*) и управување одредени продавници за продажба без давачки и продажба со плаќање давачки.

**-Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд.** е 100% зависно друштво на Гебр. Хајнеман СЕ Ко. КГ („**ГХ**"), а регионалното седиште на ГХ Групацијата е во Азија-Пацифик регионот.

ГХ е фамилијарен бизнис со седиште во Хамбург кој преку ГХ Групацијата управува и снабдува дјути фри продавници/продавници од вредност при патување на аеродроми, поморски пристаништа и гранични премини ширум светот. ГХ Групацијата управува со 350 малопродажни места при патување на 73 меѓународни аеродроми врз основа на договори за концесија или закуп со оператори на аеродроми. ГХ продава на мало стоки при патување на патниците, особено во категориите парфеми, козметика, алкохол, тутунски производи, сувомесни стоки и кондиторски стоки.

ГХ има регистрирано присуство во Северна Македонија и има остварено приходи преку продажба на големо и снабдување на мало со малопродажни стоки при патување.

**БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед** е друштво со седиште во Индија кое нуди глобални логистички услуги и административни услуги на синџир на снабдување. БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед обезбедува логистички услуги поврзани со производи без давачки и други индустрии.

БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед е контролирано зависно друштво кое припаѓа на ББМ Групацијата. ББМ Групацијата е деловен конгломерат со седиште во Андхра Прадеш, Индија. ББМ Групацијата е активна во агробизнисот, тутунот, малопродажба за патување, ИТ-паркови и складирање, природни камења и производство и извоз на чили.

БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед нема зависни друштва или подружници во Северна Македонија.

Учесниците се активни со управување со места за продажба на мало без давачки/со плаќање давачки на аеродроми како и на други транспортни места („Локации за патување").

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***услуги за продажба на мало при патување (продажба на мало при патување) на Локации за патување.***

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

10.05.2024 година

Скопје